„Дали да ви кажам кој од вас е најдобар, а кој најлош?“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, застанал кај некои луѓе што седеле и рекол: „Дали да ви кажам кој од вас е најдобар, а кој најлош?“ Тие молчеа. Тој тоа го повторил трипати. На крајот еден човек рече: „Да, о Аллахов пратенику, кажи ни кој е најдобриот и кој е најлошиот меѓу нас.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Најдобриот меѓу вас е оној од кого се очекува добро и во чија близина луѓето се сигурни од неговото зло. А најлош е оној од кого не се очекува добро и од чија злоба луѓето не се безбедни.“

[رواه الترمذي] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, застанал кај група асхаби и ги прашал: „Дали сакате да ви кажам кој е најдобриот, а кој најлошиот меѓу вас?“ Тие молчеле, плашејќи се да не бидат посочени и посрамени. Тој прашал уште двапати, а потоа еден човек одговорил: „Да, о Аллахов пратенику, кажи ни кој е најдобриот и кој е најлошиот.“ Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил: најдобар е оној од кого луѓето се надеваат на добро и се чувствуваат безбедни од неговото зло, а најлош е оној од кого нема надеж за добро и чија злоба претставува закана за другите.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66254